**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

**З А П И С Н И К**

**Од 78-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 26.12.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева , Ивана Трајковска, Анита Латифи,Златко Јанковски и Гајур Рамадани. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Емилија Николова Христовска-раководител на одделение за финансии во МРТ,Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство во МРТ,Мери Тодорова-раководител на одделение за комерција во МРТ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ. |

Седницата започна во 13:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 77-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.

3. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата.

4. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство.

5. Разгледување и усвојување на Предлог Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.

6. Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ.

7. Усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

8. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 77-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 77-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 77-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 77-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Емилија Николова Христовска раководител на одделение за финансии во МРТ која детално го објасни Правилникот за плати и надоместоци на плати ставка по ставка.Емилија пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквиот Правилник и дека истиот е работен согласно сите законски прописи во државава.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац со прашање во врска со наградата за работна успешност која е регулирана во Правилникот кој последен потврдува со потпис дали еден вработен ќе добие варијабила за успешност.Емилија Николова од одделението за финансии во МРТ со одговор дека Директорот е последен кој потврдува на предлог на претпоставениот раководител.
Членот Златко Јанковски со прашање како иство кое го дискутираме и кое е наведено во Правлиникот за плати и надоместоци на плати функционирало пред да биде изготвен Правилникот за плати и надоместоци на плати, и зошто доколку истиот постои како акт во Статутот на МРТ уште од 2015 година не е донесен до сега.Емилија Николова одговор дека до сега целиот процес се извршувал врз основа на Колективниот договор во МРТ како и врз основа на Законот за работни односи и дека е потребен ваков Правилник да го имаат службите за да биде до крај регулирана целата постапка.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ.

■ **Правилникот за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за плати и надоместоци на плати на ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата.**
Воведно излагање по оваа точка даде Емилија Николова Христовска раководител на одделение за финансии во МРТ која детално го објасни Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата ставка по ставка.Емилија пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквиот Правилник и дека истиот е работен согласно сите законски прописи во државава и дека е дел од забелешките на државната ревизија по извршената ревизија во МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата.

■ **Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во земјата е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Предлог Правилник на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство**.

Воведно излагање по оваа точка даде Емилија Николова Христовска раководител на одделение за финансии во МРТ која детално го објасни Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство ставка по ставка.Емилија пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквиот Правилник и дека истиот е работен согласно сите законски прописи во државава и дека е дел од забелешките на државната ревизија по извршената ревизија во МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.
Анита Латифи запраша кој одредува кој од вработените ќе оди на работна задача надвор од земјата.Емилија одговори дека врз основа на работната задача во зависност од кој домен е и од која редакција раководителот или надлежниот уредник одредуваат кој вработен ќе оди на таа работна задача а директорот на крај сето тоа го потврдува со потпис на работен налог.
Членот на советот Златко Јанковски по однос на страна 7 од правилникот посочи дека има делови каде што технички и суштински не е завршена реченицата во петтиот пасус.,како и со забелеша по последниот пасус во делот на одредување на дневницата со самото слетување на авионот односно дека се наметнува прашањето што ако вработениот живее на поодалечено место од аеродромот,или пак доколку не му е завпшена работната задача со слетувањето и има дополнителни трошоци по слетувањето на авионот. Емилија Николова Христовска од одделението за финансии во МРТ објасни дека за изработка на вакви правилници мора да се земе некоја пракса која е установена за работа и еден временски интервал кој ќе се рачуна за изработка на дневница.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство.

■ **Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот на ЈРП МРТ за исплата на службени патувања во странство е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување и усвојување на Предлог Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Мери Тодорова раководител на одделението за комерција во МРТ која детално го објасни Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ ставка по ставка.Мери пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквото Упатство и дека истиото е работено согласно сите законски прописи во државава и дека е дел од забелешките на државната ревизија по извршената ревизија во МРТ,како и дека на оваа седница на Програмскиот совет е доставено со вметнати забелешки кои беа дадени и констатирани на предходната седница на Надзорниот одбор на МРТ.Мери во продолжение пред присутните исто така ги објасни и процедурите кои внатре се уредени во самотото Упатство и се што се регулира со ова Упатство.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и со одередени забелешки има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.
Претседателката на советот со забелешка по текстот од член 1 став 2 од Упатството делот „да се намали одговорноста“ лошо звучи и да се промени со соодветен назив.Мери одговори дека е добра забелешката и ќе биде земена во предвид.
Анита Латифи со прашање дали исти набавки до 500 евра може да се повторат во истата година.Мери Тодорова од одделението за коемрција со одговор дека секогаш се раководиме по Планот за јавни набавки за таа година и согласно истото не може да се повтори иста набавка ако предходно се исполнила.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ

■**Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈРП МРТ е **едногласно усвоено** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Разгледување и усвојување на Предлог Правилник за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Сузана Николовска раководител на одделение за сметководство во МРТ која детално го објасни Правилникот за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ ставка по ставка.Сузана пред присутните објасни зошто и од кои причини се изготвува ваквиот Правилник и дека истиот претставува апдејтирање на сите предходни пракси кои се применуваат во секојдневното работење како и ставање на хартија на сите стандарди кои се применуваа.Правилникот е работен согласно сите законски прописи во државава и дека е дел од забелешките на државната ревизија по извршената ревизија во МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и со одередени забелешки има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ

■ **Правилникот за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за примена на сметководствени политики на ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 7:Усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија**.

Претседателката на Програмскиот совет ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред која беше разгледувана на предходната седница на советот, и му даде збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ.

Претседателот на Надзорниот одбор истакна дека Надзорниот одбор на своја 70 –та седница одржана на ден 21.12.2018 година даде согласност на Пречистениот текст на Статутот на ЈРП МРТ со следнава забелешка:

Надзорниот одбор на МРТ му укажува на Програмскиот совет на МРТ за потребата за усогласување на член 34 од Статутот на ЈРП МРТ,а со член 128, став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.Надзорниот одбор на МРТ му предлага на Програмскиот совет на МРТ да донесе Статутарна одлука за изменување и дополнување на член 34 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ и истиот да гласи:

„Програмскиот совет на МРТ може да ги отповика сите членови или член на Надзорниот одбор на МРТ пред истекот за време за кое биле избрани,во случај на исполнетост на условите предвидени во член 128 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги".

По ова излагање на претседателот на Надзорниот одбор за збор се јави членот на советот Снежана Клинчарова која истакна дека не треба да се брза со носење на било какви измени и дополнувања на Статутот на ЈРП МРТ тука само пречистен текст,треба да се почека носењето на новиот закон и да видиме што ќе пропишува истиот а не да правиме непотребни измени.

Потоа свое видување на предложеното даде и членот на советот Ивана Трајковска која исткана дека доколку направиме ваква измена на Статутот, ние како тело ќе си ги скратиме нашите надлежности ,ние секогаш треба да се раководиме согласно постоечките законски прописи и сметам дека ова што го бара Надзорниот одбор се коси со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на крај после толку години работење во овој состав на советот би се довеле во неповолна ситуација да бидеме критикувани за нашата работа и за нашите одлуки.

Претседателката на советот по расправта предложи Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ го разгледа доставениот Заклучок од Надзорниот одбор на МРТ со бр.02-6709/8 и по точка (2) од истиот побара правно мислење од Секторот за правни работи во МРТ.

Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Пречистениот текст на Статутот на ЈРП МРТ.

■ **Пречистениот текст на Статутот на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Пречистениот текст на Статутот на ЈРП МРТ е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ, и беше дсоговорено истиот да биде објавен на ВЕБ страната на ЈРП МРТ и во Службен весник на РМ.

**ТОЧКА 8: Разно.**
По оваа точка се разгледа поштата која беше пристигната до Програмскиот совет од страна на комисијата за избор на програмски содржини во МТВ.

Седницата заврши во 15:25 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател